

На пригодна свеченост одржана во хотелот ,, Холидеј Ин ,, во Скопје, од страна на организаторите на градоначалникот на општина Неготино Пане Трајков му беше врачен сертификат за учество на локалната самоуправа во програмата ,, Форуми во заедниците ,,. Станува збор за програма која има за цел да го поддржи процесот на децентрализација во Република Македонија и да им овозможи на граѓаните да учествуваат во развојот на локалните заедници, преку давање сопствени идеи и учество да придонесат за подобрување на сопственото секојдневие, а администрацијата се стекнува со можност да развива локално управување преку учество, одговорност и доверба. Вториот циклус од третата фаза на програмата ,, Форуми во заедницата ,, ќе се реализира во 2012/2013 година со вклучување на 24 општини, меѓу кои и локална самоуправа Неготино. Вкупниот буџет изнесува 85.875.000 денари од кои 41.700.000 се учество на општините, а 44.175.000 се донација од Швајцарската агенција за развој и соработка. Проектот што се спроведува во општина Неготино изнесува 4,8 милиони денари со подеднакво финансиско учество на локалната самоуправа и донаторот.





